Врз основа на член 25 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020 и 288/2021), член 336 и член 383 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 50 од Статутот на Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на 1.04.2026 година во Скопје, донесе

ОДЛУКА
за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда

(1) Собранието на акционери на Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, со седиште на ул. Козле бр.188, Скопје (во натамошниот текст: Друштвото), одобрува продажба (отуѓување) на најмногу 21.110 обични сопствени акции издадени од Реплек АД Скопје по пат на јавна понуда во вкупен номинален износ од 1.187.268,62 евра издадени од Реплек АД Скопје.

(2) Сопствените акции од член 1 на оваа одлука се обични акции од основачката емисија на друштвото и претставуваат 8,14 % од основната главнина на Друштвото.

Продажбата на сопствените акции ќе се врши по пат на јавна понуда во согласност со Законот за хартии од вредност и Правилата за тргување на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје.

(3) Номиналната вредност по акција изнесува 56.242 евра, додека вкупната номинална вредност на акциите што се предмет на продажба изнесува 1.187.268,62 евра.
За продажбата (отуѓувањето) на сопствените акции по пат на јавна понуда друштвото ќе објави Проспект и Покана за јавна понуда за продажба (отуѓување) на сопствени обични акции, во согласност со законската и подзаконската регулатива, Статутот на Друштвото и Правилата на Македонската берза на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност.

Продажната цена на сопствените акции – предмет на јавната понуда од член 1 на оваа одлука, ќе се определи согласно Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје (Анекс 3). Плаќањето на продажната цена е исклучиво во парични средства.

(4) Сопствените акции кои се предмет на јавната понуда се стекнати согласно член 333 и 335 од Законот за трговски друштва согласно Одлука бр .02-1979/1 од 27.04.2022 година и Одлука бр.02-2583/1 од 26.04.2023 година, донесени на Собрание на акционери на Друштвото.

Целта поради која се продаваат (отуѓуваат) акциите од член 1 на оваа одлука е одржување на стабилноста и ликвидноста на Друштвото и усогласување со законските одредби.

(5) Правата кои произлегуваат од сопственоста на овие акции се:
- право на глас во Собранието на акционери на Друштвото;
- право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

Акциите гласат на име. Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

Правата и обврските на купувачите на акциите настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Дивидендата се исплатува врз основа на Одлука на Собранието на Друштвото, со која се регулира начинот на исплата и висината на дивидендата.

(6) По реализацијата на продажбата (отуѓувањето) на сопствените акции по пат на јавна понуда,акциите ќе бидат евидентирани на сметките на сопствениците во Централниот депозитар за хартии од вредност. Правата на сопственост од акциите настануваат со запишувањето на акциите на сметка на сопственикот во депозитарот.

(7) Располагањето со акциите се врши на начин утврден со законските и подзаконските прописи.

(8) Се овластува Управниот одбор на Друштвото со посебна Одлука да ја утврдува количината од вкупниот број на сопствени акции од член 1 на оваа Одлука кои ќе бидат предмет на продажба (отуѓување) преку јавна понуда.

Се овластува Управниот одбор на Друштвото за понудата од член 1 на оваа Одлука да ја утврди цената и моделот согласно Анекс 3 од Правилата за тргување на Македонската берза на хартии од вредност по кој ќе се реализира продажбата (отуѓувањето) на сопствените акции преку јавна понуда.

Се овластува Управниот одбор на Друштвото за понудата од член 1 на оваа Одлука да донесе Одлука за отварање на сметка со посебна намена за примање на паричните средства во текот на постапката за продажба (отуѓување) на сопствени акции преку јавна понуда.

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да склучи договор за соработка со овластен учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овастениот депозитар, кој ќе го застапува Друштвото во постапката за продажба (отуѓување) на сопствени акции преку јавна понуда.

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да склучи договор со Македонска берза на хартии од вредност за продажба (отуѓување) на сопствени акции преку јавна понуда и договор со Централниот депозитар за хартии од вредност и други акти за спроведување на оваа Одлука согласно законската и подзаконската регулатива.

(9) Се овластува Управниот одбор на Друштвото, по евентуално барање на Комисијата за хартии од вредност да врши соодветни измени на оваа Одлука, вклучувајќи и соодветни измени согласно промени на законската и подзаконската регулатива и правилата на Македонската берза на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност.

(10)Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и може да се спроведе во рок од 12 месеци. Со усвојување на оваа Одлука, Одлуката бр. 02 – 2462/1 од 16.4.2025 година се става вон сила.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери